**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ПЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 10.12.2025 година

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Петтата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 10.12.2025 година**

Седницата започна во 11:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **26 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-9883/2 од 10.12.2025 година се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**13.** Предлог - Одлука за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028).

Согласно извештајот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, бр.09-9796/2 од 05.12.2025 година се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**14.** Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;

**15.** Предлог - Одлука за определување на висината на месечниот надоместок за

претседателот и членовите на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;

**16.** Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и

**17.** Предлог - Одлука за определување на висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

Согласно извештајот на комисијата за финансии и Буџет, бр.09-9882/2 од 10.12.2025 година се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**18.** Предлог - Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "13"** беше усвоен со **22 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "14"** беше усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "15"** беше усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "16"** беше усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "17"** беше усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "18"** беше усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Претседателот на совет констатираше дека точките "13", "14", "15", "16", "17" и "18" се составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за формирање на Локален совет за превенција;
3. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на

градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом;

6. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје;
7. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба;
8. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес;
9. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на договор за изменување и дополнување на основен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба;
10. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;
11. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030);
12. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година;
13. Предлог - Одлука за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028);
14. Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
15. Предлог - Одлука за определување на висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
16. Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
17. Предлог - Одлука за определување на висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и
18. Предлог - Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на Локален совет за**

**превенција.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на Локален совет за превенција, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом, со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на

движни ствари на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Александар Трајковски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, со **26 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на договор за изменување и дополнување на основен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Јасминка Георгиева (коалиција предводена од СДСМ) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), како и претставникот од општинската администрација - Ана Накева.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за изменување и дополнување на основен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на

систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба, со **19 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030).**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030), со **23 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година, со **19 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028).**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), со **22 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и**

**именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на

Општина Гази Баба за 2025 година, со **23 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Петтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11:45** часот.

**Број 09-10015/3**
**од 16.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот